# ЗОШТО ГО САКАМ СКОПЈЕ? *ИСКРА ДИМИТРОВА*, ликовен уметник

# Скопје е град кој живее по кафеани и кафулиња

"Скопје е еден од најзелените градови кои сум ги видела. Не само со парковите, каде и да се свртиш, насекаде ќе видиш зелено меѓу зградите, куќите, улиците. Се надевам ова нема да го прочита Аларова, па да го стимулирам фанатичното уништување зеленило, како што е започнато во строгиот центар.

Скопје дише со човечки сензибилитет. Во Скопје со пријателите не си закажуваш за по не знам колку дена, се користи моментот, животот е опуштен, спонтан, се ужива. Ми се допаѓа блиският однос меѓу луѓето. И колку што луѓето се вредноста на овој град толку истите тие луѓе немаат однос кон сопствениот град како материја, тело.

Ми пречи односот кон поимот наше. Наше е кога нешто од улица сакаме да си го земеме за дома, ама не е наше кога за нешто од улица треба да водиме сметка. Сѐ што е надвор од дворот не е наше, како од тука да не поминуваме секој ден, како да не го гледаме секој ден на улица. Скопје е град кој живее по кафеани, кафулиња. Можеби немаме стандард за ресторани, ама затоа кафеаните се полни во кое било време од денот. Не можеме да дочекаме пролет да излеземе надвор, на воздух, во кафуле, двор, на тераса.

Во јуни цел град мириса на липа, лете на вода од црево врз жежок бетон. Во септември цел град мириса на ајвар, преубаво е кога шеташ и не баш толку убаво кога ти е со денови под прозорец. Во Скопје понекогаш ми пречи трендовскиот менталитет, кој, навистина, го има во секој град, но кај нас е некако увозен, ´како требало да биде´, ´како во Белград, Загреб...´, наместо да се види што е тука потенцијал и уште повеќе да се потенцира, да се негува, да се инвестира во него. Па макар тоа било и 24-часовното функционирање на продавниците и кафулињата. Зошто да не ако тоа не ѝ пречи на околината? Ми пречи силеџиството во возење и паркирање по улиците, преку бучната музика и ѓубрето до новокомпонираните куќи и урбанистички планови".



***Подготвува:***
***Е.Анѓеловска***
e-mail: eli@vest.com.mk